Елени Бужаровска
Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, Македонија
elenibuzarovska@mt.net.mk

# ГРЧКИ ЈАЗИК

Во разгледување на презентот ќе се држиме до терминолошко разграничување меѓу функционалниот поим сегашно време и поимот презент.
Презентот е морфолошка глаголска категорија чија примарна функција се состои во кодирањето на настани што се одвиваат во сегашноста.

Презентските форми може да се употребуваат за искажување на актуелно и неактуелно сегашно време, за изразување на други времиња (транспозиција); и конечно, други глаголски (непрезентски) форми се користат за изразување на неактуелна сегашност.

Во овој труд во првиот дел ги разгледуваме основните и секундарните средства за изразување на актуелна сегашност (презентски форми од имперфективни глаголи наспроти формите на перфект, пасив и поретко, т.н. контаминиран пасив), додека вториот дел ги презентира основните и секундарните средства за изразување на неактуелната сегашност (презентски форми од имперфективни глаголи наспроти императивни и футурни глаголски форми, *na*/*да*-конструкции и некои минати времиња во специфичен контекст).

## 1. АКТУЕЛНА СЕГАШНОСТ

### 1.1. **Основни средства за изразување на актуелна сегашност**

Во таква функција се употребуваат имперфективни презентски форми од активни и медиопасивни глаголи. Грчкиот глаголски систем е сличен со системите на словенските јазици по општа тенденција за корелација на несвршениот вид со синхроноста.

Актуелна сегашност се кодира со активните и медиопасивните форми на презент од нс.в. за да изрази синхроност со моментот на зборување. Симултаното дејство се поклопува со сите три референцијални точки на временската оска: сегашниот момент, моментот на зборување и времето на одвивањето на дејството. (на пр. во преноси на спортски настани).

Презентските имперфективни форми се употребуваат во описи на ситуации што се случуваат во моментот на зборување независно дали тој момент се поклопува со моментот на зборување или се содржи во еден подолг период што ја опфаќа таа референцијана точка.

(1) *Tora δiavazo ena vivlio*. Сега читам една книга.

(2) *Δiavazo apo tis tris*. Читам од три часот.

Несвршените презентски форми можат да изразат и својство на предмет. Во тој случај пропозицијата е надградена со имплицираниот предикат *знае*/*умее* бидејќи атемпоралното дејство претставува својство на агенсот:

(3) *O Kostas kala γrafi*. Коста добро пишува.

### 1.2. **Секундарни средства за изразување на актуелна сегашност**

Тоа се формите на перфект, пасив и поретко т.н. контаминиран пасив со кои се кодира значењето на резултативност, односно сегашна состојба што е резултат на

минат настан. Заедничко за сите нив е статалното значење на нова состојба после извршеното дејство.

1.2.1. Форми на перфект

Тие се формираат со помош на помошниот глагол *exo*/има + нефинитна форма од ршен вид.

(4) *Esi δen θa δiavasis*; *-Exo δiavasi*. Зар нема да учиш? -Учев.

Мора да се подвлече фактот дека во некои контексти перфектот е изофункционален со аористот. Така, одговорот на покана за јадење може да се даде и во аорист и во перфект.

(5) *Kaθise na fas*. – *Efaγa/Exo fai*. Седни да јадеш. – Јадев/Имам јадено.

Се чини дека резултативната компонента посилно се пројавува кај повратните (медиопасивните) глаголи:

(6) *To γrama stalθike*. Писмото е испратено.

1.2.2. Форми на пасив (*ime*/сум + медиопасивен партицип од свршен вид)

Во пасивните конструкции постои конгруенција по род и број со синтаксичкиот субјект во реченицата. Партиципите во *ime kurasmenos*/изморен сум, *ime taksiδemenos*/нашетан сум повеќе се чувствуваат како партиципни придавки.

(7) *Imaste malomeni ke δen milame*. Скарани сме и не зборуваме.

(8) *To γrama ine γrameno*. Писмото е напишано.

Според Џозеф и Филипаки (Joseph 1986: 169), *ime*-пасив поседува најстататична семантика што се рефлектира во конгруенција со субјектот. Така во *exo γrafti*/се имам запишано говорителот го истакнува одвивањето на дејството за разлика од составот *ime γramenos*/сум запишан – со која се истакнува постигнатата состојба, односно резултатот.

1.2.3. контаминиран пасив

Конструкциите со пасив претставуваат хибридни конструкции што потекнуваат од контаминација на *exo*/има-перфект и *ime*/сум-пасив. Партиципот е конгруентен по род и број со објектот во реченицата. Оваа конструкција ретко се среќава бидејќи во истиот контекст се претпочита *exo*/има-перфект:

(9) Exo etimasi/?etimasmena ta praγmata. Ги имам спремни работите.

Поприфатливи се контаминираните конструкции со маркиран редослед:

(10) *Ta praγmata ta exo etimasmena*. Работите ги имам спремни.

(11) *Etimasmena exo ta praγmata*. Спремни ги имам работите.

Постојат неколку непродуктивни конструкции коишто се во маргинална употреба во Пелопонескиот дијалект: со *сум*-пасив и со контаминиран *има*-перфект од глаголот '*има*' и '*гледа*': *ime faγomenos*/сум јаден; *exo iδomeni*/имам видено.

2. НЕАКТУЕЛНА СЕГАШНОСТ

2.1. **Основни средства за изразување на неактуелна сегашност**

Неактуелнта сегашност главно се изразува со форми за сегашно време од несвршен вид. Дејството што означува неактуална сегашност нема референцијална

точка на временската оска. Имперфективниот презент може да изразува две поголеми категоријални содржини: итеративност и омнитемпоралност.

Итеративноста претставува сериска мултипликативност на дејството. Модифицирана со темпорална определба презентска форма од нс.в. кодира периодичност на одвивање.

(12) *Panda ksaploni arγa*. Секогаш легнува доцна.

(13) *Tin episkeftome kaθe vδomaδa*. Ја посетувам секоја недела.

Повторлив неактуализиран настан може и да се квантифицира со временски прилози или темпорални предлошки фрази со значење на трајност (долго, со години, со денови)

(14) *Tin episkeftome xronia*. Ја посетувам со години.

Омнитемпоралност како семантичка категорија е основна карактеристика на дефиниции, универзални вистини, пословици и сл. Таква употреба на презентот во традиционалната литература е познат како гномичен презент.

2.2. **Секундарни средства за изразување неактуелна сегашност**

Други глаголски форми може да се транспонираат за изразување на неактуелна сегашност. Тоа се пред се модалните категории императив и футур од свршен вид кои служат за опишување на итеративни настани во разговорниот јазик. Исто така се употребуваат *na/да*-конструкции и минати времиња во дијалошки реплики маркирани по експресивност.

2.2.1. Формите на императив кодираат следни содржини:

2.2.1.1. итеративност- за повторливи настани од секојдневието на говорителот

(15) *Siko noris, anapse tin somba, fere ksila, kaθarise to spiti, mayirepse fayito…* Стани рано, запали ја печката, донеси дрва, исчисти ја куќата, зготви ручек...

(16) *Zise xoris δulia mia familia okto stomata*. Живеј без работа, цело семејство со осум души (усти).

2.2.1.2. секојдневна рутина со имплицирано значење на досада изразуваат идиоматските императивни дублети:

(17) *Mbes vγes, siko katse, pare δose*... Влези излези, стани седни, дај земи…

2.2.2. со формите на футур од св. в. се кодира хабитуалност:

(18) *Θa sikoθi noris, θa anapi tin somba, θa feri ksila, θa kaθarisi to spiti, θa mayirepi fayito* Ќе стане рано, ќе ја запали печката, ќе донесе дрва, ќе ја исчисти куќата, ќе зготви ручек и тн.

2.2.3. со формите на *na/да*-конструкција од нсв.в. се означува неверување, протест.

Субјунктивната *na/да*-конструкција има идна проекција и носи негативна импликација за настанот. Се употребува со прилозите *pu*/каде или само со експресивна интонација:

(19) *Eγo na fovame*! Јас да се плашам!

(20) *Pu na anevi aftos*! Каде тој да се качи!

2.2.4. Употреба на минати времиња за искажување на неактуелна сегашност

2.2.4.1. Гномичен аорист

Се употребува во пословици, често во комбинација со императив со семантика на имплициран услов:

(21) *T'akuses sti γitonia su, perimene ke sti γonia su.* Го слушна во комшилукот, чекај и кај тебе.

2.2.4.2. Имперфект

Имперфектот се употребува наместо презент во експресивно обоени дијалошки реплики. Не е јасно дали тука се работи за изразување на синхронизирано дејство со глаголот во главната реченица (цонсецутио темпорум) или за никулци на адмиратив. Според Царцану (1996) тоа се случува кога говорителот се фокусира “на дејството до еден определен момент во минатото”:

(22) *Oli ton erotusan, ti'θeles eδo*; Сите го прашуваа, што бараше (бараш) тука?

(23) *Jano, δen exis mana ...ja na s'ekleγen*; Јане, немаше (немаш) мајка за да те оплакува?

Во вториот случај употребата на имперфект повеќе личи на адмиратив.

(24) *Mikro ke aniliko, kale, δen iksera ap'aγapi, tin enomiza pos itan pexniδaki: ma itane, kale, pikri san to farmaki.* Мал и недораснат, (море) не знаев за љубов; ја мислев за играчка и таа беше (да ти биде) горчлива како отров.

3. **ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ПРЕЗЕНТОТ**

Секундарна функција на презентот: формите на несвршениот презент се употребуваат за кодирање на идност, категорија готовност и минати настани во наративен дискурс (историски презент).

3.1. Идно време

Презентската форма има идна интерепретација. Се употребува во прашална и негативна пропозиционална модалност. Со неа се изразува незнаење или сомневање на субјектот во неговата можност да го изврши дејството. Таквото значење се приближува до епистемично модално.

(25) *Tora pos γirizume piso*; Сега како ќе се вратиме?

(26) *Pes mu, ftano ke eγo sto γamo*; Кажи ми, ќе стигнам и јас на свадба?

3.2. Готовност

Глаголските форми во прво лице сегашно време може да се употребуваат за изразување на модалната категорија готовност. Таа морфолошки се изразува само со презентските форми кои, во специфичен контекст, имплицираат присуство на надграден предикат *готов сум*. Глаголот во презент означува почеток на некое неизбежно дејство кое или ќе му се случи на агенсот, или истиот има намера да го изврши во блиска иднина.

(27) *Tora amesos erxome*! Сега веднаш доаѓам!

(28) *Sinxorese me, δen θa (to) ksanakano*. Прости ми, друг пат не го правам тоа.

(29) *Avrio tus stelno sto Larisa*. Утре ги праќам во Лариса.

(30) *Θa mu pis, alios su kovo to kefali*! Ќе ми кажеш или ти ја сечам главата!

(31) *Pezume kiniγito*; Играме брканица?

(32) *Ke pjos θa vutiksi*; *-Eγo vutao*. И кој ќе нурка? Јас нуркам.

Во прашални реченици се употребува глаголот во второ или трето лице за изразување готовност.

(33) *Θa pame sto θeatro, erxese ke esi*; Ќе одиме в театар, доаѓаш и ти?

Во потврдни искази (освен со глаголите за движење) семантиката на готовност може да се засили и со лексички средства. Поекспліцитна готовност се изразува со презентот од глаголот *pao*/одам со субјунктивната *na*-конструкција.

(34) *Pao na δo ti γinete*. Одам да видам што се случува.

Со други лица *pao*/оди почесто се среќава во прашална модалност, но може и во асерторична.

(35) *Ti pas na kanis*; Што се спремаш да направиш?

(36) *Pai na vreksi*. Ќе заврне.

3.3. Минато време: драмски и историски презент

Презентските глаголски форми се користат во нарација за изразување на историски или лични настани. Така, разликуваме историски презент наспроти драмски презент кога говорителот опишува минати настани како во една драма.

(37) *Trexo, me kiniγai, pu na me ftasi*! Трчам, ме брка ама кај да ме стигне!

(38) O Kain fonevi ton Avel. Каин го убива Авел.